Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:07.12.2022 18:48:50
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 264** **7 декември 2022, среда** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3940. | **Уредба** за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија | 2 |
| 3941. | **Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот - Самовработување со кредитирање и проектот - Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места | 4 |
| 3942. | **Одлука** за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица | 4 |
| 3943. | **Одлука** за давање на согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2022 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес | 4 |
| 3944. | **Одлука** за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година | 4 |
| 3945. | **Програма** за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2022 година | 6 |
| | **Огласен дел** | 1-8 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3940.**

Врз основа на член 7 став (4) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 декември 2022 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТРУКТУРАТА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа уредба се утврдува структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија.

**Структура на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија**

Член 2

Системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија), се воспоставува со цел спроведување на законодавни, административни и оперативни активности и остварување директна соработка со Европската канцеларија за борба против измама (во натамошниот текст: ОЛАФ).

Системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија е составен од:

- органите и структурите во системот за управување и контрола со средствата од Европската Унија, утврдени во член 10 од Рамковната спогодба меѓу Република Македонија застапувана од страна на Владата на Република Македонија и Европската комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), ратификувана со Законот за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија застапувана од страна на Владата на Република Македонија и Европската комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) („Службен весник на Република Македонија" бр.99/15) (во натамошниот текст: Рамковната спогодба за ИПА II) и член 10 од Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III), ратификувана со Законот за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.235/22) (во натамошниот текст: Рамковната спогодба за ИПА III);
- институционалната мрежа за заштита на финансиските интереси на Европската Унија (во натамошниот текст: АФКОС мрежата) и
- одделението за координација на борба против измама на средствата од Европската Унија (во натамошниот текст: АФКОС одделението), во Министерството за финансии.

Структурите од став 2 на овој член, преземаат соодветни мерки со цел спречување, откривање, справување, известување и следење на дејствијата преземени по пријавените неправилности со средства од Европската Унија, во рамките на своите законски надлежности.

**Органи и структури во системот за управување и контрола со средствата од Европската Унија**

Член 3

Органите и структурите во системот за управување и контрола со средствата од Европската Унија, согласно член 10 од Рамковната спогодба за ИПА II и Рамковната спогодба за ИПА III, известуваат и преземаат мерки за справување со неправилностите со средствата од Европската Унија во согласност со прописите на Република Северна Македонија и Европската Унија.

Органите и структурите во системот за управување и контрола со средствата од Европската Унија подготвуваат Прирачници за внатрешни постапки за работа во однос на извршувањето на нивните функции, кои се доставуваат на мислење до АФКОС одделението пред нивното одобрување од страна на Националниот координатор за авторизација (НАО) и одговорните лица во соодветните институции.

**АФКОС мрежа**

Член 4

АФКОС мрежата ги опфаќа институциите кои согласно закон се надлежни за борба против неправилности, измами, корупција или друга форма на незаконски активности.

АФКОС мрежата ја сочинуваат следните институции:

- Министерството за финансии, како координатор на АФКОС мрежата;
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
- Министерството за финансии - Управата за финансиска полиција;
- Министерството за финансии - Управата за јавни приходи;
- Министерството за финансии - Царинската управа;
- Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање;
- Државната комисија за спречување на корупцијата;
- Министерството за правда;
- Министерството за внатрешни работи;
- Државното правобранителство на Република Северна Македонија;
- Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија;
- Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија;
- Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и
- Државниот завод за ревизија.

Институциите кои се дел од АФКОС мрежата, задачите во рамките на АФКОС мрежата ги извршуваат согласно нивните законски надлежности.

Член 5

АФКОС мрежата е составена од претседател, заменик претседател, 14 члена и нивни заменици претставници од институциите од член 4 став 2 од оваа уредба.

Претседател на АФКОС мрежата е државниот секретар од Министерството за финансии, а негов заменик е раководителот на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на средствата од Европската Унија во Министерството за финансии.

Член 6

АФКОС мрежата ги врши следните работи:

- учествува во изготвување, спроведување, следење и известување за имплементацијата на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија и Акцискиот план за имплементација на Стратегијата;
- разменува податоци и дава стручна поддршка на структурите и органите во системот за управување и контрола со средствата од Европската Унија, АФКОС одделението и ОЛАФ;
- дава предлози и препораки за подобрување на законската рамка од областа за заштита на финансиските интереси на Европската Унија;
- дава предлози и учествува во спроведувањето на ефективни и пропорционални мерки против измама, согласно резултатите од проценка на ризикот од измама;
- разгледува случаи за неправилности, по барање на структурите и органите во системот за управување и контрола со средствата од Европската Унија и/или АФКОС одделението и по потреба обезбедува стручно мислење и поддршка за справување со случаите за неправилности;
- дава предлози за обуки и учествува во реализација на програми за обуки во согласност со потребите на институциите вклучени во системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија;
- обезбедува потребни информации за подготовка на Годишниот извештај за работа на Системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија, кој се доставува до Владата на Република Северна Македонија и
- разгледува, дава предлози, мислења и стручни образложенија во врска со други прашања за спречување на неправилности и измами за заштита на финансиските интереси на Европската Унија.

Административно – техничките работи за потребите на АФКОС мрежата ги врши Министерството за финансии.

Работењето на АФКОС мрежата подетално е уредено со деловник за работа.

**АФКОС одделение**

Член 7

АФКОС одделението обезбедува ефективна соработка и размена на информации со ОЛАФ, како и врши други работи за заштита на финансиските интереси на Европската Унија, во согласност со прописите на Република Северна Македонија и Европската Унија.

АФКОС одделението подготвува Прирачник за внатрешни постапки за работа во однос на извршувањето на неговите функции, кој се одобрува од страна на министерот за финансии.

Од страна на АФКОС одделението, согласно член 50 став (2) од Рамковната спогодба за ИПА II и Рамковната спогодба за ИПА III, се врши следење на измените на постојното законодавство и упатствата усвоени од страна на Европската комисија или институциите на Република Северна Македонија поврзани со откривање на неправилностите со средства од Европската Унија и се даваат подетални насоки на органите и структурите во системот за управување и контрола со средствата од Европската Унија за подобрување на процесот на заштита на финансиските интереси на Европската Унија.

Од страна на АФКОС одделението се координираат активностите за изготвување, спроведување, следење и известување за имплементација на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија.

АФКОС одделението во соработка со органите и структурите во системот за управување и контрола со средствата од Европската Унија и АФКОС мрежата, подготвува Годишен извештај за работа на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија, кој преку Министерството за финансии, се доставува до Владата на Република Северна Македонија, до крајот на вториот квартал на наредната календарска година, за претходната година.

**Соработка помеѓу структурите во рамки на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија**

Член 8

Структурите во системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија, согласно член 2 став 3 од оваа уредба, меѓусебно соработуваат и разменуваат податоци и информации.

Заради унапредување на соработката и уредување на меѓусебните односи на структурите во системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија, истите можат да склучуваат договори за соработка.

Органите и структурите во системот за управување и контрола со средствата од Европската Унија и АФКОС мрежата меѓусебно соработуваат при изготвувањето, спроведувањето, следењето и известувањето за имплементацијата на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Член 9

АФКОС одделението и Секретаријатот за европски прашања соработуваат во координацијата и организацијата на обуките за структурите во системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија, во рамки на нивните законски надлежности.

Од страна на АФКОС одделението на годишно ниво, се координира процената на потребата од обуки за структурите во системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија и се изготвува годишен план за обуки.

Реализацијата на годишниот план за обуки од став 2 на овој член, се следи од страна на АФКОС одделението, кое води евиденција на спроведените обуки.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба, престануваат да важат член 3 точка 3 и членовите 11 и 13 од Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/11).

Член 11

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-10737/5
6 декември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**3941.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 декември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА УПРАВЕН ОДБОР НА ПРОЕКТОТ - САМОВРАБОТУВАЊЕ СО КРЕДИТИРАЊЕ И ПРОЕКТОТ - КРЕДИТИРАЊЕ НА ПРАВНИ СУБЈЕКТИ (МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА) ЗА ОТВОРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА**

Член 1

Во Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот - Самовработување со кредитирање и проектот - Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/18 и 15/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.220/19 и 202/22), во член 1, точка 6 во алинејата 1 зборовите „Шќипери Бајрами“ се заменуваат со зборовите „Гезим Казими“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9562/6
6 декември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**3942.**

Врз основа на член 15 став 3 од Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/00, 16/04, 62/05, 113/05, 29/07, 88/08, 161/08, 99/09, 136/11, 129/15, 147/15, 27/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.103/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 декември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА НЕИСКОРИСТЕНИТЕ СРЕДСТВА ОД ПОСЕБНИОТ ФОНД ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ИНВАЛИДНИТЕ ЛИЦА, ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЕВИДЕНТИРАНИ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА**

1. Неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, во вкупен износ од 130.000.000,00 денари, ќе се користат за финансирање на активни програми и мерки за вработување на евидентирани невработени лица и тоа за активните мерки: Поддршка за самовработување, Субвенционирање на плати и Вработување и раст на правни субјекти од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9924/5
6 декември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**3943.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија’’ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 89/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 декември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2022 ГОДИНА НА ЈПВ „ЛИСИЧЕ“ - ВЕЛЕС**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2022 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, бр.01-434/1 од 20.10.2022 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 20.10.2022 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-9950/11
6 декември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**3944.**

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.24/21 и 174/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 декември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ ЗА 2022 ГОДИНА СО ИНДИКАТИВНО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА 2023 ГОДИНА**

Член 1

Во Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.226/22), во Листата за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година, во делот „Североисточен плански регион“, табелата се менува и гласи:

„

СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН =17,3 –73,076,704

| РБ | Назив на Проектот/ | Општина/н.м каде се реализира | Вредност на предлог проектот | Сопствено учество | Коригиран износ на средства за менаџирање | Побарани средства за проектот | Износ за финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Оформување на функционални средини во областа на животна средина и рурален развој | Општина Куманово Општина Ранковце Општина Кратово | 44,041,272 | 2,200,000 | 698,464 | 41,841,272 | **42,539,736** |
| 2 | Подобрување на инфраструктурата во Североисточниот регион за подобар пристап до туристичките локалитети | Општина Крива Паланка Општина Кратово Општина Старо Нагоричане Општина Липково | 32,026,055 | 1,990,623 | 501,536 | 30,035,432 | **30,536,968** |
| | **ВКУПНО:** | | **76,067,327** | **4,190,623** | **1,200,000** | **71,876,704** | **73,076,704** |

“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-10993/3
6 декември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**3945.**

Врз основа на член 99 став (7) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија” бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.302/20 и 150/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 декември 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ПРОДАЖБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНБЕНИОТ ПРОСТОР ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

1. Во Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/22 и 91/22) во Вториот дел Глава I точка I.1 во потточката I.1.2 ставот 1 се менува и гласи:

„Предвидена е изградба на 15 објекти за домување во Скопје, седум објекти во Битола и еден објект во Охрид, на локации на кои постојат објекти во државна сопственост, кои не се задржуваат согласно важечкиот урбанистички план, а на локациите е планирана станбена изградба.“.

Во точката I.2 ставот 7 се брише.

Во Главата II во точката II.2 ставот 3 се менува и гласи:

„За реализација на изградбата на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи согласно точка I.2 се предвидени средства во износ од 200.000.000,00 денари во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.“.

Во Главата III ставот 1 се менува и гласи:

„За реализација на оваа програма во делот за изградба на станбен и деловен простор, во 2022 година вкупно потребни се средства во висина од 567.396.586,00 денари.“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„За реализација на изградбата на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи се предвидени средства во износ од 200.000.000,00 денари во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.“.

Воведната реченица во ставот 3 се менува и гласи:

„Останатите средства во висина од 367.396.586,00 денари потребни за реализација на оваа програма се обезбедуваат од следните извори на финансирање:“.

Точката III.4 се менува и гласи:

„Од продажба на станови, гаражи и подруми во објекти во градба:

Очекувани приходи 177.921.020,00 денари

Вкупно III.4. 177.921.020,00 денари ”.

Точката III.6 се менува и гласи:

„Од продажба на станови, деловен простор, гаражи и подруми во објекти на залиха:

Очекувани приходи 30.293.196,00 денари

Вкупно III.6. 30.293.196,00 денари

| Извори на финансирање | (денари) |
|---|---|
| III.1. Приходи од ануитети | 28.345.100,00 |
| III.2. Приходи од закупнина на станбен и деловен простор | 39.851.535,00 |
| III.3. Паркинг, стадион и катни гаражи | 31.000.000,00 |
| III.4. Од продажба на станови, гаражи и подруми во објекти во градба | 177.921.020,00 |
| III.5. Од продажба на деловен простор сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје | 60.000.000,00 |
| III.6. Од продажба на станови, деловен простор, гаражи и подруми во објекти на залиха | 30.293.196,00 |
| Вкупно: | 367.410.851,00 |

| | |
|---|---|
| Потребни средства за реализација на оваа програма во делот на станбена изградба за 2022 година | 367.396.586,00 денари |
| Очекувани приходи од извори на финансирање за реализација на оваа програма во делот на станбена изградба за 2022 година | 367.410.851,00 денари |

Разликата од 14.265,00 денари ќе се користи како фонд за ликвидност.“.

2. Прилозите 1.2 и 5 се заменуваат со нови Прилози 1.2 и 5, кои се составен дел на оваа програма.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-8540/7
6 декември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

Прилог 1.2

I.1.2. Изградба на локации на кои посоечките објекти не се задржуваат согласно важечкиот урбанистички план, а на локациите е планирана станбена изградба

| Град | Локација (објект) | Катност | Број на објекти | Станови сопственост на РСМ | | | Станови што ќе ги добие во надомест РСМ | | подрум | | гаража/паркинг | | Локација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број | вкупна станбена површина ($м^2$) | помошни простории/ подрум ($м^2$) | број | вкупна површина ($м^2$) | број | површина ($м^2$) | број | површина ($м^2$) | ГП | КО |
| Скопје | ул. Никола Тримпаре бр. 29 | | | | | | | | | | | | | |
| | ул. Шитска бр. 32 | | | | | | | | | | | | | |
| | ул. Иво Лола Рибар бр. 125А | | | | | | | | | | | | | |
| | Бул. 3-та Македонска бригада бр. 3/49 | | | | | | | | | | | | | |
| | ул.Симеон Кавракиров бр. 22 | | | | | | | | | | | | | |
| | ГП 2.58 Локалитет Клинички блок Димитар Мирчев бб | | | | | | | | | | | | | |
| | ул.Симеон Кавракиров бр.5 и 7 ДУП локалитет Црква УЕ Б Аеродром | П+9+Пк | 1 | 3 | 84 | 18 | 5 | 193,5 | | | | | 3.5 | Кисела Вода 2 |
| | ул.Вангел Тодорвски бр.15 и 17 ДУП лок. Црква УЕ Б Аеродром | П+9+Пк | 1 | 1 | 39 | 2 | 4 | 155 | 2 | 7,07 | 3 | 41,83 | 3.9 | Кисела Вода 2 |
| | ул.Пандил Шишков бр.1,3,5 и 7 ДУП локалитет Црква УЕ Б Аеродром | П+10+Пк | 1 | 1 | 55 | 3 | 2 | 128 | | | 2 | 27,7 | 7.1 | Кисела Вода 2 |
| | ул.Фрањо Клуз бр.10,12 и 14 ДУП локалитет Црква УЕ Б Аеродром | П+9+Пк | 1 | 1 | 28 | 3 | 1 | 61,77 | | | 1 | | 13.1 | Кисела Вода 2 |
| | ул. Фрањо Клуз бр.4,6 и 8 ДУП локалитет Црква УЕ Б Аеродром | П+9+Пк | 1 | 1 | 28 | 2 | 1 | 61,52 | | | 1 | 13,79 | 13.2 | Кисела Вода 2 |
| | Г.П. 4.1 ул. Анастас Митрев бр.3 Аеродром | П+5+Пк | 1 | 1 | 17 | | 1 | 36,49 | | Остава 6,09 | 1 | 18,05 | 4.1 | Кисела Вода 2 |
| | ул. Вангел Тодоровски бр.1 и 3 | | | | | | | | | | | | | |
| | ул. Христо Ботев бр.3 Аеродром | | | | | | | | | | | | | |
| | ул. Страшо Пинџур 6 и 6А | | | | | | | | | | | | | |
| Битола | ул. Таку Димитровски бр.2 | П+1+Пк | 1 | 3 | 216 | 72 | | | 3 | 42 | 2 | 30 | 53 | 6080 Б3 |
| | ул. Таку Димитровски бр.2 | П+1+Пк | 1 | 3 | 216 | 72 | | | 3 | 42 | 2 | 30 | 53.1 | 6080 Б3 |
| | ул. Јорго Османо бр.40 | П+2 | 1 | 3 | 354 | 118 | | | 3 | 88 | 2 | 30 | 197 | 12466/1 Б3 |
| | ул. Охридска бр.138 | П+1 | 1 | 3 | 144 | 72 | | | 3 | 42 | 2 | 30 | | 6294 Б3 |
| | ул. Борка Талевски Модерното бр.16 а | С+П | 1 | 2 | 160 | 50 | | | 2 | 20 | 2 | 30 | | 7305 Б4 |
| | ул. Борка Талевски Модерното бр.16 | П+1 | 1 | 3 | 270 | 90 | | | 3 | 60 | 2 | 30 | | 7305 Б3 |
| | ул. Јане Сандански бр. 30 | | | | | | | | | | | | | |
| Охрид | ул. Македонски просветители | П+4 | 1 | 1 | 37 | 8 | | | | | | | 7.1.128 | Охрид 2 |

РЕКАПИТУЛАР НА ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Прилог 5

| ГРУПА НА ОБЈЕКТИ | Земјиште (експропријација (ден) | Геомеханички работи (ден) | Проектирање урбанистички, идеен основен проект (ден) | Ревизија (ден) | Надомест за уредување на градежно земјиште (ден) | Вредност на градежно, градежно занатски работи и инсталации (ден) | Контрола на бетон (ден) | Надомест за електрично енергетски приклучок(ден) | Дополнителни непредвидени работи и разни такси (ден) | Вкупно чинење на објектот (ден) | Исплатено до крај на 2021 год (ден) | Потребни средства за целосно довршување на објектот (ден) | Потребни средства само за 2022 год. (ден) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| II.1 Изградба на станбен и деловен простор наменет за продажба | 71.304.066 | 960.350 | 36.548.758 | 5.373.045 | 174.322.931 | 1.250.392.783 | 1.599.759 | 16.895.200 | 25.107.856 | 1.582.504.747 | 130.905.454 | 1.451.599.292 | 341.571.586 |
| II.1.1 Повеќегодишни проекти за изградба на станбен и деловен простор наменет за продажба | 62.639.000 | 7.044.534 | 86.420.178 | 15.360.723 | 621.142.221 | 4.231.482.430 | 5.183.254 | 104.681.545 | 100.446.467 | 5.233.598.934 | 15.966.156 | 5.219.495.088 | 0 |
| II.2 Изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи | 5.855.551 | 4.784.544 | 41.794.324 | 2.389.486 | 241.570.703 | 2.725.142.675 | 7.631.307 | 58.471.398 | 51.040.209 | 3.138.680.197 | 2.099.151.323 | 3.138.680.197 | 200.000.000 |
| II.3 Изградба, адаптација и реконструкција на објекти согласно донесени Одлуки на Владата на Република Северна Македонија | | | | | | | | | | 25.825.000 | 0 | 25.825.000 | 25.825.000 |
| **СЕ ВКУПНО** | **139.798.617** | **12.789.428** | **164.763.260** | **23.123.254** | **1.037.035.855** | **8.207.017.888** | **14.414.320** | **180.048.143** | **176.594.532** | **9.954.783.878** | **2.246.022.934** | **9.835.599.577** | **567.396.586** |


СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди” бр. 29, поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2022 година изнесува 12.200 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница Напредок ДООЕЛ Тетово.**

**ISSN 0354-1622**

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 264** **7 декември 2022, среда** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

# О Г Л А С И

## СОДРЖИНА

Стр.

Јавни набавки................................................ 1

## ЈАВНИ НАБАВКИ

### О Г Л А С
### ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 21149/2022**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

**I.1.1) Назив на договорниот орган: ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврохирургија**

I.1.2) Адреса: „Водњанска“ 17

I.1.3) Град и поштенски код: Скопје - 1000

I.1.4) Интернет адреса:

I.1.5) Лице за контакт: Тања Пехчевска адреса на е-пошта: nabavki.nevrohirurgija@hotmail.com телефон/факс: 071387196

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат: На горната адреса

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – член 9, став 1 алинеја б) од Законот - Здравство

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка: Ампели за медицински гасови за оперативен блок**

II.1.1) Објавување на проценета вредност: Не

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Стоки - Купување

II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврохирургија Скопје

II.3) Секторски договор: Не

II.4) Централно тело: Не

II.5) Групна набавка Не

II.6) Електронски каталог: Не

II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:

II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да

Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник

Шифра Опис

33000000-0 - Медицинска опрема, фармацевтски и производи за лична нега

33100000-1 - Медицинска опрема

II.9) Делива набавка: Не

II.10) Рамковна спогодба: Не

II.11) Алтернативни понуди Не

II.12) Времетраење на договорот:

Период во месеци: 12

II.13) Претходна проверка на пазарот? Не

ДЕЛ III: ПОСТАПКА

III.1) Вид на постапка: Отворена постапка

III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не

III.3) Критериум за доделување на договор: Најниска цена

III.4) Електронска постапка? Да

III.5) Електронска аукција? Да

ДЕЛ IV: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1) Гаранции и авансно плаќање

IV.1.1) Гаранција на понудата: Не

IV.1.2) Изјава за сериозност: Да

IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Да [5.00%]

IV.1.4) Авансно плаќање: Не

IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не

IV.1.6) Резервирани договори Не

IV.1.7) Посета на локација/Преглед на придружна документација: Не

IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи

- изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН

- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган

- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган

- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност

- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

IV.2.2) Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор

- Документ за регистрирана дејност:

- Потврда за регистрирана дејност (образец ДРД) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на овој документ е Централниот регистар на Република Северна Македонија. - Решение со кое се потврдува дека Економскиот оператор ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот за вршење на дејност промет на големо со медицински средства и му се одобрува промет на големо со медицински средства, издадено од Министерството за здравство на Република Северна Македонија.

IV.2.3) Техничка или професионална способност на економскиот оператор

- со листа на главни испораки на стоки или извршени услуги со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги:

- Листа со главни испораки на стоки извршени во последните 3 години со обезбедување на најмалку 3 (три) докази за извршена квалитетна и навремена испорака и монтажа поврзани со предметот на набавката.

- со опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествуваат во извршувањето на јавната набавка, особено на оние кои се одговорни за контролата на квалитетот, а во случај на јавна набавка на работи, оние што ќе бидат вклучени во изведување на работите, без оглед на тоа дали се вработени во економскиот оператор или не:

- Изјава од еконмскиот оператор дека располага со стручно лице кое поседува сертификат за извршена обука за монтажа, подесување, тестирање и одржување за понудената опрема (со прилог сертификат), без оглед на тоа дали е вработен во економскиот оператор или не, • Изјава од еконмскиот оператор дека располага со стручно лице кое поседува сертификат за положен испит за тврдо лемење (со прилог сертификат), без оглед на тоа дали е вработен во економскиот оператор или не, не постар од 3 години

- во случај кога се набавуваат сложени стоки или услуги, или во исклучителни случаи за посебни намени, со проверка на производствените капацитети, или ако е потребно и на капацитетите за проучување и истражување, како и на мерките за контрола на квалитетот, која ја спроведува договорниот орган или во негово име надлежен орган во земјата на основање:

- Изјава дека ќе обезбеди гаранција на опремата од најмалку 2 (две) години, сметано од денот на примопредавање на предметот на набавка, во кој период е должен да врши бесплатен сервис и бесплатна замена на резервни делови за опремата; - Изјава со која потврдува дека опремата, предмет на набавка, ќе биде нова и неупотребена, и дека ќе се испорача со сите потребни кабли и приклучоци

- мостри, опис и/или фотографии на производи кои се предмет на испорака, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган:

